Република Северна Македонија
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
Центар за култура
„Десет Дена Крушевска Република“ Крушево
Бр. 02-55/2
26.05 2026 Год.
Крушево

Врз основа на член 36 и член 77 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 4414, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18- Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. на РМ“ бр. 15/2008 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24), и член 20 точка 11 од Статутот на НУ Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево, на предлог на вд директорот м-р Захарија Ангелеска на НУ Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево, Управниот одбор на седницата одржана на 26.05.2026 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЈАВНИОТ ОГЛАС И НА ПРИЈАВАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ КАКО И НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ВО КУЛТУРАТА И ПОМОШНО ТЕХНИЧКИТЕ ЛИЦА ВО НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „ДЕСЕТ ДЕНА КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА“ - КРУШЕВО

**Член 1**

Со овој Правилник поблиску се уредува формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево.

## I. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

**Член 2**

(1) Јавниот оглас за вработување се објавува на веб страницата на Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево и во најмалку три дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Во јавниот оглас се назначува категоријата, нивото и условите за пополнување на работното место.

(3) Рокот за пријавување на јавниот оглас за даватели на јавни услуги во културата не може да биде пократок од 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

(4) Рокот за пријавување на јавниот оглас за помошно технички лица не може да биде пократок од 3 работни дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

**Член 3**

(1) Јавниот оглас за пополнување на работни места од редот на даватели на јавни услуги во културата во Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република"-Крушево особено содржи:

- грб и име на Република Северна Македонија и лого и назив на Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република"-Крушево основ за објавување на јавниот оглас
- број на јавниот оглас
- за секое различно работно место во огласот: реден број, шифра, категорија, ниво, назив и број на извршители
- за секое различно работно место во огласот: општи услови (согласно Законот за културата)
- посебни услови согласно актот за систематизација на Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република"-Крушево.
- и/или дополнителни услови, доколку има потреба (статус на лице со посебни потреби, статус на дете без родители и без родителска грижа кое до својата 18-годишна возраст имало ваков статус, или статус на корисник на државна стипендија)
- за секое различно работно место во огласот: распоред на работното време; почеток и завршеток на дневното и неделното работно време;
- за секое различно работно место во огласот: паричен нето износ на плата;
- рок за доставување на пријава за вработување
- на кој начин и каде треба да се поднесе пријавата и задолжителните докази за исполнување на условите за вработување (во хартиена форма или електронски со наведување на точна адреса)
- кратка информација за начинот на спроведување на постапката за селекција (да се наведат фазите: административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервјуто)

**Член 4**

(2) Јавниот оглас за пополнување на работни места од редот на помошно технички лица во Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република"-Крушево особено содржи:

- грб и име на Република Северна Македонија и лого и назив на Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република"-Крушево
- основ за објавување на јавниот оглас
- број на јавниот оглас



CamScanner

- за секое различно работно место во огласот: реден број, шифра, категорија, ниво, назив и број на извршители
- за секое различно работно место во огласот: општи услови (согласно Законот за културата)
- посебни услови согласно актот за систематизација на Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република"-Крушево
- и/или дополнителни услови, доколку има потреба (статус на лице со посебни потреби, статус на дете без родители и без родителска грижа кое до својата 18-годишна возраст имало ваков статус, или статус на корисник на државна стипендија)
- за секое различно работно место во огласот: распоред на работното време; почеток и завршеток на дневното и неделното работно време;
- за секое различно работно место во огласот: паричен нето износ на плата;
- рок за доставување на пријава за вработување
- на кој начин и каде треба да се поднесе пријавата и задолжителните докази за исполнување на условите за вработување (во хартиена форма или електронски со наведување на точна адреса)
- кратка информација за начинот на спроведување на постапката за селекција (да се наведат фазите: административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервјуто)

**Член 5**

Кандидатите за вработување доставуваат до Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република"-Крушево, пријава и докази дека ги исполнуваат условите од јавниот оглас.

## II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ПРИЈАВАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**Член 6**

(1) Пријавата за вработувањето на работното место во Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република"-Крушево особено содржи:

- Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница), како и кратко мотивационо писмо;
- Кратка биографија
- Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
- Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
- Изјава за исполнување на дополнителниот услов од огласот, со наведување ДА/НЕ за секој услов, доколку се бара;

**Член 7**

Регистарот на лица кои дале лажни податоци на јавниот оглас за вработување во јавниот сектор се води во електронска форма и содржи: име и презиме, единствен матичен

број граѓански, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, за кандидатот кој дал лажни податоци за вработување во јавниот сектор.

**Член 8**

(1) Лицата кои дале лажни податоци при вработување во јавниот сектор се запишуваат во регистарот врз основа на известувањето добиено од Комисијата која ја спроведува постапката за селекција, а која утврдила дека кандидатот приложил лажни докази во постапката утврдена со закон.

(2) Кон известувањето од став (1) од овој член, се доставува и одговорот за веродостојноста на доказите, добиени од установата која ги издала или била надлежна да го издаде доказот чија неверодостојност е утврдена.



CamScanner

Прилог 1

**ПРИЈАВА**
**ПО ЈАВЕН ОГЛАС бр.**

За работно место (реден број и назив) ______________________________________

1.**Податоци за кандидатот**

Име и Презиме ______________________________________________
Датум и место на раѓање ______________________________________
Адреса и место на живеење ____________________________________
Припадност на заедница ______________________________________
Електронска адреса на кандидатот _____________________________
Телефон за контакт __________________________________________

2.**Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно**

- Да е полнолетен -------------------------------------------------------------**ДА / НЕ**
- Да има општа здравствена способност за работното место -------- **ДА / НЕ**
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност------------------------------------------**ДА / НЕ**

3.**Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување на ДА/НЕ за секој услов одделно**

- Степен и вид на образование ____________________________ **ДА / НЕ**
- Работно искуство _____________________________________ **ДА / НЕ**
- Друг посебен услов (доколку се бара) ____________________ **ДА / НЕ**

4.**Изјава за исполнување на дополнителен услов од огласот, со наведување на ДА/НЕ за секој услов, доколку се бара**

Под кривична и материјална одговорност изјавувам дека податоците внесени во пријавата се точни и вистинити и согласен/а сум дадените лични податоци да се обработуваат од страна на НУЦК „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево ,за потребата за која се дадени, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Датум:
Крушево

______________________________
Потпис на кандидатот



CamScanner

**Член 9**

## III. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ВО КУЛТУРАТА КАТЕГОРИЈА А – УМЕТНИЦИ

При постапка за вработување на категорија А – уметници се спроведува аудиција која е подетално пропишана во Правилник за спроведување на аудиција и реаудиција во Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево.

## IV. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ КАТЕГОРИЈА Б – УМЕТНИЧКИ СОРАБОТНИЦИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА СЦЕНСКИ И МУЗИЧКО СЦЕНСКИ ДЕЛА, КАТЕГОДИЈА В – СТРУЧНИ СЦЕНСКИ РАБОТНИЦИ Г – СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ВО ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

**Член 10**

(1) Директорот на Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево со решение формира Комисија за постапка за вработување.

(2) Комисијата за постапка за вработување е составена од тројца раководни вработени во Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево и тоа во состав претседател и два члена, како и нивни заменици.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член во новооснованата јавна установа од областа на културата во која нема вработени од областа на културата или во установата во која нема раководни вработени лица членовите на Комисијата за постапка за вработување се определуваат од Министерството за култура и туризам.

**Член 11**

(1) Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на вердодостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

(2) Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

(3) На интервјуто преку прашања се проверуваат компетенциите потребни за категоријата и нивото на која припаѓа работното место.

(4) Комисијата составува записник кој содржи список на кандидати со кои е спроведено интервју и освоени бодови од интервјуто и во рок од 3 (три) дена Комисијата подготвува и до директорот на НУЦК „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево доставува предлог кандидат.

**Член 12**



CamScanner

(1) Директорот на НУЦК „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево. во рок од 5 (пет) дена од денот на добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

(2)Одлуката за избор се доставува до кандидатите и се објавува на веб страната и на огласна табла на НУЦК „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево.

(3) Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Управниот одбор на НУЦК „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево.

(4) Во рок од 5 (пет) дена од конечноста на одлуката за избор, директорот на јавната установа од областа на културата, носи решение за вработување и со избраниот кандидат склучува договор за вработување.

## IV.1. НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕ ЗА ДАВАТЕЛИ НА ЈАВИ УСЛУГИ ВО КУЛТУРАТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД КАТЕГОРИЈАТА И НИВОТО НА РАБОТНО МЕСТО ЗА КОЕ Е ОБЈАВЕН ЈАВНИОТ ОГЛАС

Начин на бодување во постапка за вработување за даватели на јавни услуги во културата категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В – стручни сценски работници и категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата

<table>
<tr><td>А.</td><td>Административна селекција</td><td></td><td>Добиени бодови</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Формално образование:<br>Средно</td><td>(0-3)</td><td rowspan="2">(0-10)</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Формално образование:<br>Високо</td><td>(0-10)</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Работно искуство</td><td>(0-10)</td><td>(0-10)</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Неформално образование</td><td>(0-10)</td><td>(0-10)</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Награди,признанија,благодарници</td><td>(0-10)</td><td>(0-10)</td></tr>
<tr><td>А.</td><td>Интервју</td><td colspan="2">Добиени бодови</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Прашања за општите компетенции</td><td colspan="2">(0-10)</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Прашања за посебните компетенции</td><td colspan="2">(0-10)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно бодови</td><td colspan="2">(0-60)</td></tr>
</table>

## V. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

**Член 13**



CamScanner

(1) Директорот на Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево со решение формира Комисија за постапка за вработување.

(2) Комисијата за постапка за вработување е составена од тројца раководни вработени во Национална установа Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево и тоа во состав претседател и два члена, како и нивни заменици.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член во новооснованата јавна установа од областа на културата во која нема вработени од областа на културата или во установата во која нема раководни вработени лица членовите на Комисијата за постапка за вработување се определуваат од Министерството за култура и туризам.

**Член 14**

(1) Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на верододостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

(2) Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

(3) На интервјуто преку прашања се проверуваат компетенциите потребни за категоријата и нивото на која припаѓа работното место.

(4) Комисијата составува записник кој содржи список на кандидати со кои е спроведено интервју и освоени бодови од интервјуто и во рок од 3 (три) дена Комисијата подготвува и до директорот на НУ ЦК „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево доставува предлог кандидат.

**Член 15**

(1) Директорот на НУ ЦК „Десет Дена Крушевска Република“-Крушевово рок од 5 (пет) дена од денот на добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

(2) Одлуката за избор се доставува до кандидатите и се објавува на веб страната и на огласна табла на НУЦК „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево.

(3) Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ ЦК „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево.

(4) Во рок од 5 (пет) дена од конечноста на одлуката за избор, директорот на јавната установа од областа на културата, носи решение за вработување и со избраниот кандидат склучува договор за вработување.

## VI. НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕ НА ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Начин на бодување во постапка за вработување



CamScanner

за помошно-технички лица – подгрупа 1 помошно-технички лица за одржување на објектите и опремата, - подгрупа 2 помошно-технички лица за обезбедување на објектите и опремата, подгрупа 3 помошно-технички лица за превоз на лица и опрема и – подгрупа 5 други помошно-технички лица

| А. | **Административна селекција** | | Добиени бодови |
|---|---|---|---|
| 1. | Формално образование:<br>Средно | (0-3) | (0-10) |
| 2. | Неформално образование: | (0-10) | |
| 3. | Работно искуство | (0-10) | (0-10) |

| А. | Интервју | Добиени бодови |
|---|---|---|
| 1. | Прашања за општите компетенции | (0-10) |
| 2. | Прашања за посебните компетенции | (0-10) |
| Вкупно бодови | | (0-40) |

**Член 16**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

НУ ЦК „Десет Дена Крушевска Република“-Крушево
Управен одбор
Претседател,
Кире Николоски